Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Управа за електронско здравство

Бр. 08-5711

15.12.2023 година

**До**
**Здружение на приватните лекари – ЗПЛРМ**
**Здружение на лекари по општа медицина – семејна медицина ЗЛОМ-СМ**

**ПРЕДМЕТ:** Известување за матични лекари за упатување за Кабинет за дојка

Почитувани,
Ве известуваме дека по извршена електронска анализа во Националниот систем за електронски евиденции во здравството – Мој термин утврдено е дека во одредени случаи упатувањето кон Кабинетите за дојка од страна на матичните лекари се врши неправилно, односно не се почитуваат целосно насоките кои се прецизирани во **Патеката за упатување за прегледи на дојка со цел рано откривање на рак на дојка,следење и контрола на жени по оперативен или онколошки третман на рак на дојка.**

Матичните лекари при упатување кон Кабинетот за дојка имаат обврска да се придржуваат кон насоките дадени во Патеката, кои се детално наведени во текстот на Протоколот за дојка. Ве потсетуваме на основните насоки наведени во Протоколот:

- Матичен лекар упатува пациенти кон Кабинет за дојка во најблиската здравствена установа во однос на место на живеење на жената
- Матичен лекар упатува согласно насоки кои се однесуваат на клиничката слика, позитивна семејна анамнеза (пополнува податоци во т.н. урнек)
- Матичен лекар упатува со точна упатна дијагноза согласно дадените насоки
- Матичниот лекар треба да дава информации во однос на придобивките од рана детекција (скрининг) и месечен самопреглед
- Матичните лекари треба да имаат достапни информации за последна мамографија и ЕХО, за позитивна семејна анамнеза и за т.н густа дојка за секоја жена.

Ве информираме дека во системот Мој Термин од страна на радиологот за секој преглед се внесува податок за тоа дали пациентот е соодветно упатен, како и образложение доколку пациентот не е правилно упатен. За извештаите од оваа евиденција која се однесува на упатување кон кабинетите за дојка ќе бидете периодично известувани, доколку не сте упатувале правилно, по што ќе треба да бидат преземани корективни мерки.

Изготвил:
Јованка Пауноска

**В.Д. ДИРЕКТОР,**

**Рефик МУСТАФИ**


Управа за електронско здравство - Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14а, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 15 444
www.e-health.gov.mk
www.moitermin.mk